Шаховски Клуб ЛАСКЕР – Охрид.
НЛБ Банка ж.с. 210-0722351001-15 ЕМБС: 7223510
ул. Јане Сандански бр. 91-3/14, Охрид
https://www.facebook.com/Sahovska.Skola.Lasker/
www.laskerohrid.weebly.com
e-mail:laskerohrid@yahoo.com 078/496045

Врз основа на Законот за спорт, Програмата за работа на Здружение Шаховски Клуб ЛАСКЕР Охрид, Управниот одбор на ШК ЛАСКЕР Охрид го донесе следниот:

# П Р А В И Л Н И К

## за надоместоци и бонуси на спортистите и стручниот штаб

1). Спортистот член на ШК ЛАСКЕР Охрид, кој обезбедил шаховска норма добива еднократен бонус во висина како што е прикажано во табелата:

| титула | Паричен бонус |
|---|---|
| **Grandmaster (GM)** | 12000,00 (дванаесет илјади) денари |
| **International Master (IM)** | 9000,00 (девет илјади) денари |
| **FIDE Master (FM)** | 7000,00 (седум илјади) денари |
| **Candidate Master (CM)** | 5000, 00 (пет илјади) денари |

| титула | Паричен бонус |
|---|---|
| **Woman Grandmaster (WGM)** | 12000,00 (дванаесет илјади) денари |
| **Woman International Master (WIM)** | 9000,00 (девет илјади) денари |
| **Woman FIDE Master (WFM)** | 7000,00 (седум илјади) денари |
| **Woman Candidate Master (WCM)** | 5000, 00 (пет илјади) денари |

Важи исклучиво за спортисти кои потекнуваат од Шаховската школа на Ласкер

2). Членовите на Екипата на ШК ЛАСКЕР Охрид машка/ женска категорија се наградуваат парично еднократно секој играч и тренерот 3000,$_{00}$ (три илјади) денари доколку се пласира Екипата во повисок ранг на натпреварување

3). Членовите на Екипата на ШК ЛАСКЕР Охрид во младинските категорија се наградуваат парично еднократно за освоено:

- Прво место во категорија секој играч и тренерот 3000,$_{00}$ (три илјади) денари
- Второ место во категорија секој играч и тренерот 2000,$_{00}$ (две илјади) денари
- Трето место во категорија секој играч и тренерот 1000,$_{00}$ (илјада) денари

4). Членовите на ШК ЛАСКЕР Охрид, учесници на поединечните младински првенства, се наградуваат парично еднократно за освоено:

- Прво место во категорија секој играч и тренерот 5000,$_{00}$ (пет илјади) денари
- Второ место во категорија секој играч и тренерот 4000,$_{00}$ (четири илјади) денари
- Трето место во категорија секој играч и тренерот 3000,$_{00}$ (три илјади) денари

5). За членовите на ШК ЛАСКЕР Охрид, котизацијата ја покрива клубот за Државните поединечни првенства за млади.

6). Спортистите и членовите на стручниот штаб на Екипата на ШК Ласкер Охрид, кои ќе настапат на Екипното првенство на РСМ – Втора лига ќе добијат еднократно надомест од 3000,$_{00}$ (три иљади) денари. На членовите на екипата и тренерот ќе им бидат подмирени трошоци за сместување 100% во случај лигата да се игра турнирски.

7). Спортистите и членовите на стручниот штаб на Женската Екипата на ШК Ласкер Охрид, кои ќе настапат на Екипното првенство за жени на РСМ - Втора лига ќе добијат еднократно надомест од 3000,$_{00}$ (три иљади) денари. На членовите на екипата и тренерот ќе им бидат подмирени трошоци за сместување 100% во случај лигата да се игра турнирски.

8). ШК ЛАСКЕР Охрид организира Шаховска Школа ЛАСКЕР, за работата во школата ангажира ФИДЕ лиценциран тренер кој ќе работи со младите категории, ја води шаховската школа на ШК ЛАСКЕР Охрид, месечно ќе добива надомест од 5000,$_{00}$ (шест иљади) денари.

9). ШК Ласкер Охрид организира проект Играме шах на кеј – Хотел Су.

10). Клубот организира меѓународни натпревари за екипата со клубови од Р. Србија, Р. Бугарија и Р. Албанија. Трошоците за превоз и престој се на клубот.

11). Членовите на Шаховската Школа ЛАСКЕР Охрид, кои имаат пополнето пристапница за членство во ШК Ласкер Охрид се ослободуваат од плаќање на членарина,

12). За членовите на Шаховската Школа ЛАСКЕР Охрид, ШК Ласкер Охрид покрива

- 100% од котизацијата за учество на Поединечните првенства за млади,
- 50% од котизацијата за сместување на Поединечните првенства за млади,

13). За тренерот на ШК ЛАСКЕР Охрид, покрива 100% од котизацијата за учество на Стручни семинари во Македонија и надвор од Македонија

14). За спортистите на ШК ЛАСКЕР Охрид, кои учествуваат на меѓународни турнири се покрива котизацијата за учество.

15). За спортистот на ШК ЛАСКЕР Охрид, кој обезбедил учество на Европско првенство во шах, освоил прво место во својата категорија во младинска конкуренција во својата категорија, се покриваат 100% од котизацијата за учество и 50% од трошоците за патување.

16). ШК ЛАСКЕР Охрид, организира Младински турнир во шах ЛАСКЕР (рапид турнир за учениците од основното и средно образование од општината Охрид), при што клубот го обезбедува наградниот фонд и трошоците за судиите.

17). ШК ЛАСКЕР Охрид, организира Меѓународен турнир во шах ЛАСКЕР (викенд рапид турнир), при што клубот го обезбедува наградниот фонд и трошоците за судиите

Се задолжува претседателот во контуитет да склучива договори со спортистите/ старателите на спортистите и тренерот на екипата на ШК ЛАСКЕР Охрид за исплата на средствата по основ на Правилникот за надоместоци и бонуси на спортистите и стручниот штаб.

Во Охрид, _25. 12. 2020г

Претседател
Борис Лушески
________________